Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 април 2019 година**

**Скопје, април 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 април 2019 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, членовите на Владата д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Лила Пејчиновска-иладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички

работи на Владата на Република Северна Македонија, д-р Ана Павлова Данева, професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и претставници од СИГМА.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање и Асаф Адеми, министер за култура.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Презентација за примена на начелото за делегирање при одлучување во управна постапка

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1. - 30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година

А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Предлогуредба за престанување на важењето на Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги

2. Предлогодлука за давање на согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на ЈУ Национален парк „Галичица“ - Охрид, Република Македонија

3. Барање за давање на согласност за изменување на Статутот на Јавната установа Национален парк „Пелистер“ - Битола, со Предлогодлука

4. Барање за давање согласност за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Национален парк „Маврово“ - Маврови Анови, со Предлогодлука

5. Информација за одржаниот состанок на Надзорниот одбор за супервизија и следење на напредокот во имплементацијата на Е-112 во Република Северна Македонија и формираната Мегуресорска работна група (оперативен тим) за преземање активности за реализација и имплементација на Системот за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија

**б) економски систем и тековна економска политика**

6. Информација за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерство за економија на Република Северна Македонија и Министерство за трговија и индустрија на Република Косово во врска со контролата на стратешки стоки, со усогласен текст на Меморандум

7. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Атва Резиденс“ - Кичево, со Предлогрешение за утврдување на категорија на угостителски објект

8. Информација во врска со поднесената тужба до Меѓународниот центар за инвестициски спорови во Вашингтон, САД од страна на инвеститорите во одземената концесија за експлоатација на минерална суровина-бакар, злато и сребро на локалитетот Казандол Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран, доделена на Друштвото за експлоатација, преработка и производство „Сардич МЦ“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје-во стечај

9. Информација во врска со состојбата на рудникот Казандол

10. Информација со Преддоговор за пренесување право на градење и уредување на меѓусебните права и обврски за градба на Друштво за градежништво, трговија и услуги „Прагматика“ ДООЕЛ, Гостивар

**в) политички систем**

11. Информација за предложено зголемување на контрибуциите на државите-членки кон буџетот на Фондот за Западен Балкан, во функција на реализација на програмските активности

12. Информација за PARP Проценката 2019 на Република Северна Македонија

13. Информација за напредок на имплементирање на Стратегискиот одбранбен преглед 2018

14. Информација за извршување на пресудата на Европскиот суд за човекови права за видот и висината на материјалната штета во случајот Стојановски и други, А.бр.14174/09 од 7.2.2019 година која произлегува од констатираната повреда на правото на сопственост на апликантите со пресудата на Европскиот суд за човекови права А.бр.14174/09 од 23.10.2014 година

15. Информација за подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 14.5.2019 година во Брисел

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

16. Предлог-закон за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион

17. Информација за работењето на Економско - социјалниот совет во 2018 година

18. Информација за формирање на згрижувачки центар за лица со Прадер-Вили Синдром како активност од сферата на социјалната заштита

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

19. Предлогрешение за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем за дистрибуција на природен гас на територијата на Република Северна Македонија

**б) политички систем**

20. Предлогодлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП)2019/96 на Советот од 21 јануари 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП)2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја

21. Предлогодлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Свети Николе

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

22. Предлог-закон за изменување на Законот за Централен регистар, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

23. Статутарна одлука за изменување на - Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ( I Фаза)

24. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2018 година

25. Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година

26. Финансиски план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година

27. Годишна програма на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година

28. Стратешки план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година

29. Годишен извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година

30. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2018 година

31. Извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2018 година

32. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2018 година

33. Барање за давање на автентично толкување на член 338 од Законот за трговските друштва, поднесено од пратеникот Агим Шаќири
34. Барање за давање на автентично толкување на член 65 став 5 од Законот за културата, поднесено од пратениците Невенка Стаменковска-Стојковски, Магдалена Манаскова и Ане Лашкоска

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

35. Статут на Европски универзитет, бр.03-195/1 од 27.3.2019 година

36. Иницијатива од адвокатите Ивица Димитриев и Мартин Насков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.56/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 197 став 7 од Законот за трговските друштва

37. Иницијатива од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.62/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 став 3 точка 2-а од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 7/19).

38. Иницијатива од адвокат Трајче Торов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.3/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 449 став 2 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09 и 161/09).

39. Понуда од нотар Анета Петровска-Алексовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр 12060 за КО Ѓорче Петров 1 Ново Село на КП 746

40. Заклучок од извршител Весна Деловска од Скопје, за усна јавна продажба на 3/60 идеален дел на должникот Панче Трипуновски од недвижноста опишана во ИЛ бр.188 за КО Петровец, која ќе се одржи на 19 април 2019 година

**д) други предлози**

41. Кадровски прашања

42. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

43. Извештај за работата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2018 година

44. Извештај за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2018 година

45. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за март 2019 година.

46. Годишен извештај за работа на Државниот инспекторат за локална самоуправа за период јануари-декември 2018 година

47. Извештај за извршувањето на потставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2018 година

48. Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2018 година

49. Извештај за работата на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема во 2018 година

50. Информација за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во Дневните центри за деца и лица со пречки во развојот

51. Информација за организација на настан по повод одбележувањето на 9 мај - Денот на Европа

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

52. Информација во врска со поканата за одржување на редовна седница на Собранието на акционери на „Јубмес банка" АД Белград закажана за 24.4.2019 година

*

*  *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Презентација за примена на начелото за делегирање при одлучување во управна постапка**

Владата се информираше со Презентацијата „Делегација на надлежноста за водење управни постапки" при примена на Законот за општата управна постапка од страна на министрите и другите функционери подготвена од д-р Ана Павловска - Данева и двајца странски претставници од СИГМА за примената на Законот за општата управна постапка од страна на министрите и другите функционери во насока на делегирање на надлежноста за водење управни постапки, со осврт на актуелната состојба и причини за напуштање на досегашната пракса, како и за идните активности и придобивките од доследна примена на начелото на делегација во Законот за општата управна постапка.

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата го разгледа Меморандумот за соработка за прашања од областа на европската интеграција помеѓу Министерството за европска интеграција на Владата на Република Србија и Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи да го потпише истиот.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања за ИПА, а во врска со дописот од Европската комисија од 18 април 2019 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, да реализира итен состанок со заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, министерот за финансии, министерот за животна средина и просторно планирање и министерот за транспорт и врски, заедно со НИПАК канцеларијата при Секретаријатот за европски прашања и Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии, со цел да се дефинира конкретен и прецизен план со обврски за сите засегнати институции и за истиот на секоја седница на Владата да реферира за напредокот и евентуалните проблеми.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор во соработка со заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да одржи работни состаноци со Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, како и со Градот Скопје и општините Тетово и Битола, за да се следи исполнувањето на заклучоците од оваа информација.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор во најбрз рок да одговори на дописот на Европската комисија од 18 април 2019 година, по одобрување на заклучоците од оваа информација.

4. Се задолжува Националниот ИПА координатор да ја достави ИПА апликацијата за третата фаза од проектот за изградба на железничката делница кон Република Бугарија до Европската комисија во рок од три дена од денот да доставување на апликацијата од Министерството за транспорт и врски.

5. Се задолжува Министерството за финансии да ја информира Владата за финансиската рамка за третата фаза од проектот за изградба на железничка делница кон Република Бугарија и за

одлуката Националниот ИПА координатор да ја информира Европската комисија до 15 мај 2019 година.

6. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта и Министерството за транспорт и врски, по добивање на мислење од надзорниот орган да одговори на тековното барање за продолжување на времето од изведувачот за проектот изградба на експресен пат Градско-Дреново без одлагање.

7. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта за проектот за изградба на експресен пат Градско - клучка Дреново да ги одобри налозите за варијации кои се однесуваат на иригациониот систем на ЈП „Водостопанство Тиквеш“ до 15 мај 2019 година, по што Надзорот ќе го инструира изведувачот да продолжи со дислокацијата на цевките од иригациониот систем.

8. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта за проектот за изградба на експресен пат Градско - клучка Дреново од ревидентот да ги добие ревидираните проекти за вијадуктите 3 и 4 до 15 мај 2019 година, по што Надзорот ќе го инструира изведувачот да продолжи со градежните активности.

9. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта за проектот за изградба на експресен пат Градско - клучка Дреново, согласно Мислењето од Надзорот да донесат одлука во врска со ревизијата на Проектот за косините кај длабоките усеци до 15 мај 2019 година, по што Надзорот ќе го инструира изведувачот да продолжи со градежните активности.

10. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта да подготви план за намалување на ризици во случај на незадоволителен напредок на изведувачот на проектот за изградба на експресен пат Градско-Дреново до 15 мај 2019 година.

11. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје да му овозможи на изведувачот да пристапи до контролниот центар на корисникот во Трубарево за да се воспостави врската како што е предвидено во дизајнот на проектот рехабилитација на железничката делница Битола-Кременица и да се извести Европската Комисија за привремениот датум на завршување на оваа активност најдоцна до 15 мај 2019 година.

12. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја достави до Националниот ИПА координатор, ИПА апликацијата за проектот за изградба на пречистителна станица за третман на отпадни води во Општина Тетово, до јуни 2019 година.

13. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја достави тендерската документација за проектот за изградба на пречистителна станица за третман на отпадни води во Општина Тетово до Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии, најдоцна, до крајот на јуни 2019 година.

14. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја поднесе ревидираната ИПА апликација за проектот Воспоставување на интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во источните и североисточните региони до Националниот ИПА координатор, најдоцна до 10 мај 2019 година.

15. Се задолжува Националниот ИПА координатор да ја поднесе ревидираната ИПА апликација за проектот Воспоставување на интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во источните и североисточните региони до ЕУД и ДГ НЕАР, најдоцна до 15 мај 2019 година.

16. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да преземе мерки за финансирање на изградба на пристапниот пат до центарот за управување со отпад во врска со проектот за Воспоставување на интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во источните и североисточните региони и писмено да ги информира Националниот ИПА координатор и Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии до крајот на мај 2019 година.

17. Се задолжува Националниот ИПА координатор да ги информира ЕУД и ДГ НЕАР за превземените мерки за финансирање на изградба на пристапниот пат до центарот за управување со отпад во врска со проектот за Воспоставување на интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во источните и североисточните региони, до крајот на мај 2019 година.

18. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги потпише договорите за соработка со општините Пехчево, Делчево и Ранковце од Источниот и Североисточниот регион до крајот на јуни 2019 година и за истото да ги информира Националниот ИПА координатор и Министерството за финансии.

19. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги затвори сите прашања за откуп на земјиштето за да се овозможат услови за спроведување на проектот за Воспоставување на интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во источните и североисточните региони до крајот на јуни 2019 година и за истото да ги информира Националниот ИПА координатор и Министерството за финансии.

20. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање целосно да ги операционализира регионалните управни одбори за управување со отпад и да воспостави регионална компанија за управување со отпад за источниот и североисточниот регион коишто ќе овозможат услови за спроведување на проектот Воспоставување на интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во источните и североисточните региони, до јуни 2019 година и за истото да ги информира Националниот ИПА координатор и Министерството за финансии.

21. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии и Градот Скопје во врска со проектот Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадните води во Градот Скопје да одлучи до крајот на мај 2019 година дали може да се продолжи со имплементацијата или да се прекине и повторно да се објави тендерот за овој договор и за тоа да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

22. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје да го потпише оперативниот договор со Националниот ИПА координатор, Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, со цел официјално да се приклучи кон оперативната структура за ИПА во секторот транспорт, најдоцна до 10 мај 2019 година.

23. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија" - Скопје и Секторот за централно финансирање и склучување договори-ЦФЦД при Министерството за финансии да подготви информација за потребата од склучување на амандман број 2 заради дополнителни активности потребни за завршување на проектот „Обновување со реконструкција на железничка делница Битола - Кременица како дел од 10-Д Коридор 10" и истата да ја достави до Владата, најдоцна до 10 мај 2019 година.

24. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор да реализира состанок со Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за локална самоуправа во врска со политиката за задржување на кадар во ИПА структурите и за исходот од состанокот со конкретни Предлогрешенија за водење на ваква политика да ја информира Владата, најдоцна до 15 мај 2019 година.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1. - 30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година (23.4.2019 година), која е доставена до Собранието на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Законодавната агенда согласно доставениот допис од Министерството за финансии, да се измени и тоа:

- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка кој треба да се достави во владина постапка до 15 март 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до 31 октомври 2019 година од причина што истиот ќе содржи обемни и суштествени промени кои се во насока на подобрување на постапката за наплата на даноците во Република Северна Македонија. Дополнително се укажува на дел од одредбите кои се однесуваат на допрецизирање на Законот од причина што во досегашната пракса Управата за јавни приходи се соочува со одредени проблеми при спроведување на Законот;

- Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на автопат-делница Кичево-Охрид, кој ќе се склучи меѓу Експорт-Импорт банката на Кина за државни патишта кој треба да се достави во владина постапка до 15 март 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до 30 јуни 2019 година, бидејќи кинеската ЕКСИМ банка сеуште ги нема доставено нацрт - договорите кои треба да се преговараат меѓу Министерство за финансии, Јавно претпријатие за државни патишта и банката. По преговорите ќе се подготви Предлог-законот;

- Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем по Договорот за заем обезбеден со гаранција заснована на политики од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка кој треба да се достави во владина постапка до 15 март 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до јули 2019 година бидејќи сеуште не се исполнети условите кои се основа за почеток на преговорите со Светска банка за добивање на заем обезбеден со гаранција;

- Предлог-законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста кој треба да се достави во владина постапка до 31 март 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до 31 мај 2019 година, бидејќи Нацрт - законот е доставен на мислење на СИГМА и истото е добиено на 29 март 2019 година. Имајќи ги предвид заложбите за квалитетен процес на изработка на оваа сложена регулатива, се предвидува овој закон да се донесе во вториот квартал од 2019 година;

- Предлог-законот за даноци на моторни возила кој треба да се достави во владина постапка до 15 март 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15 јули 2019 година со оглед на тоа што новиот Предлог-закон за акцизи не е уште донесен. Автомобилите не се предмет на оданочување со новиот Предлог-закон за акцизите, па затоа се подготвува нов

Предлог-закон за данок на моторни возила кој треба да отпочне со примена заедно со отпочнувањето на примената на Предлог-законот за акцизите. Првично беше планирано двата закона да отпочнат со примена од 15 јули 2019 година, но бидејќи Предлог-законот за акцизи не е сè уште донесен од страна на Собранието, се предлага измена на крајниот рок за поднесување на Предлог-законот за данок на моторни возила во владина постапка до 15 јули 2019 година;

- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси кој треба да се достави во владина постапка до 15 март 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до 31 октомври 2019 година од причина што е потребно да се одржат дополнителни работни средби на Министерството за финансии со други министерства и институции, со цел да се утврдат точните износи на административните такси;

- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција кој треба да се достави во владина постапка до 15 февруари 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15 мај 2019 година од причина што е потребно да се одржат дополнителни услогласувања и работни средби меѓу Министерството за финансии и Управата за финансиска полиција;

- Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини, фаза 2 долж Коридор 8 и автопат Миладиновци-Штип, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта кој треба да се достави во владина постапка до 15 април 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до 30 јуни 2019 година, бидејќи Европската банка за обнова и развој сеуште ги нема доставено нацрт - договорите кои треба да се преговараат меѓу Министерството за финансии, Јавното претспријатие за државни патишта и банката. По преговорите ќе се подготви Предлог-законот;

- Предлог-законот за дополнување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридор X кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта кој треба да се достави во владина постапка до 15 април 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до 30 јуни 2019 година од причина што Европската банка за обнова и развој сеуште ги нема доставено нацрт - измените на договорите кои треба да се преговараат меѓу Министерство за финансии, Јавното претпријатие за државни патишта и банката. По преговорите ќе се подготви Предлог-законот;

- Предлог-завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2018 година и ПредлогФискалната стратегија на Република Северна Македонија за среднорочен период 2020-2022 кои треба да се доставаат во владина постапка до 15 мај 2019 година да се измени рокот, односно истите да се доставаат до 31 мај 2019 година, согласно Законот за буџети и

- Предлог-законот за платежни услуги и платни системи кој треба да се достави во владина постапка до 30 јуни 2019 година да се измени рокот, односно истиот да се достави до 30 септември 2019 година од причина што работниот текст на законот за платежни услуги и платни системи на 14 март 2019 година е доставен до заинтересираните страни со барање до 19 април 2019 година да достават мислење, предлози и забелешки. Исто така, поради големиот интерес за вклучување на заинтересираните страни за коментари и мислења, се планира одржување на три јавни расправи по текстот на законот. По јавните расправи се предвидува текстот на законот во кој ќе бидат вградени забелешките на заинтересираните страни да се објави на ЕНЕР, по што ќе следи постапка на усогласување со Секретаријат за законодавство.

2. Законодавната агенда согласно доставениот допис од Министерството за финансии, да се дополни со:

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, со рок на доставување во владина постапка до 30 април 2019 година.

3. Согласно овој заклучок соодветно да се измени и Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година.

4. Пречистениот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член 11 став (2), член 20 став (10) и членови 24 и 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата ја донесе Уредбата за престанување на важењето на Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, во предложениот текст.

## Точка 2

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната установа „Национален парк Галичица“- Охрид, Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Барањето за давање на согласност за изменување на Статутот на Јавната установа „Национален парк Пелистер“ - Битола, со Предлогодлука за наредната седница на Владата поради потребата од доставување на усогласена Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната установа „Национален парк Пелистер“ - Битола.
Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 4

Владата по Барањето за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната установа „Национален парк Маврово“ - Маврови Анови, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната установа „Национален парк Маврово“ - Маврови Анови, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржаниот состанок на Надзорниот одбор за супервизија и следење на напредокот во имплементацијата на Е-112 во Република Северна Македонија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за одбрана, Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања во рок од десет дена да номинираат свои претставници (член и заменик - член) во Надзорниот одбор за супервизија и следење на напредокот во имплементацијата на Е-112 и да ги достават до Центарот за управување со кризи.

2. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а се укажува на Агенцијата за електронски комуникации и Територијалната противпожарна единица од Град Скопје, во рок од десет дена, да ги ажурираат податоците за членовите или достават номинации за нови претставници (член и заменик - член) до Центарот за управување со кризи за членови во Надзорен одбор за супервизија на имплементацијата на Системот за итни повици.

3. Се задолжува Центарот за управување со кризи по добивање на ажурираните податоци и номинаци да изготви Предлогодлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање

Надзорен одбор за супервизија на имплементацијата на системот за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија и до 15 мај 2019 година да ја достави до Владата за нејзино донесување.

Истовремено, Владата го задолжи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски да ги координира активностите поврзани со имплементацијата на системот за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија, со цел интензивирање на процесот и секоја втора редовна седница на Владата во делот на Пред преминување на Дневен ред да информира за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерство за економија на Република Северна Македонија и Министерство за трговија и индустрија на Република Косово во врска со контролата на стратешки стоки, со усогласен текст на Меморандум (нов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерство за економија на Република Северна Македонија и Министерство за трговија и индустрија на Република Косово во врска со контролата на стратешки стоки.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерство за економија на Република Северна Македонија и Министерство за трговија и индустрија на Република Косово во врска со контролата на стратешки стоки.

3. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерство за економија на Република Северна Македонија и Министерство за трговија и индустрија на Република Косово во врска со контролата на стратешки стоки.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Атва Резиденс“ - Кичево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената тужба до Меѓународниот центар за инвестициски спорови во Вашингтон, САД од страна на инвеститорите за одземената

концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот Казандол, Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран, доделена на Друштвото за експлоатација, преработка и производство „Сардич МЦ“ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје, во стечај, со Записник од состанокот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународните договори, одржан на 18.4.2019 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да достави писмен допис до Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови веднаш (не подоцна) од 30.4.2019 година со кој ќе побара одлагање на рокот за произнесување по предлогот на тужителите за составот и начинот на конституирање на арбитражниот трибунал за период од 30 дена, односно до 1.6.2019 година.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рок од пет дена да пристапи кон прибирање на понуди за можен избор и ангажирање на меѓународна адвокатска фирма со искуство за застапување во инвестициони спорови пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рок од седум дена од пристигнување на понудите на странските адвокатски фирми до Владата да достави предлог за избор.

4. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев по претходно прибавено мислење и совет на избраната адвокатската фирма, во соработка со домашна правна поддршка до арбитражниот трибунал да достави одговор на предложениот метод на конституирање на арбитражниот трибунал.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојбата на рудникот Казандол и ја усвои со заклучок:

- се задолжуваат Министерството за економија и Министерството за животна средина и просторно планирање, заедно со Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина и соодветни стручни лица да направат теренски увид на моменталната состојба на рудникот Казандол и во рок од 14 дена да подготват и достават материјал врз база на кој Министерството за економија да изработи информација со конкретни Предлогмерки, како основа за работа на работната група која треба да ја формира Владата.

## Точка 10

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Преддоговор за пренесување право на градење и уредување на меѓусебните права и обврски за градба на Друштво за градежништво, трговија и услуги „Прагматика" ДООЕЛ, Гостивар, со дополнувањата кон материјалот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Шасине Касами, директор на Управата за имотно - правни работи да го потпише новиот текст на Преддоговорот за пренесување право на градење и уредување на меѓусебните права и обврски за градба.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи да ја следи реализацијата на Преддоговорот за пренесување на право на градење и уредување на меѓусебните права и обврски за градба.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за предложено зголемување на контрибуциите на државите-членки кон буџетот на Фондот за Западен Балкан, во функција на реализација на програмските активности и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи во рамки на својата координација со Фондот за Западен Балкан да ја потврди подготвеноста на Република Северна Македонија, почнувајќи од 2019 година, за уплата на зголемени годишни контрибуции кон буџетот на Фондот за Западен Балкан, утврдени на износ од шеесет илјади евра (60.000 евра) годишно односно 3.690.000 денари во денарска противвредност.

## Точка 12

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за PARP Проценката 2019 на Република Северна Македонија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да ги реализира подготовките за мултилатералните консултации со НАТО за финализирање на PARP Проценката 2019 на Република Северна Македонија, во јуни 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, во координација со Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за економија, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Агенцијата за електронски комуникации да го подготви и да го

достави Прегледот на планирање на одбранбените способности 2019 до седиштето на НАТО во Брисел најдоцна до 30 јуни 2019 година.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да ја информира Владата за имплементацијата на превземените обврски најдоцна до 31 јули 2019 година.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредок на имплементирање на Стратегискиот одбранбен преглед 2018 и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана до крајот на октомври 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за напредокот во спроведување на „Планот за имплементација на Стратегискиот одбранбен преглед 2018" за период април - октомври 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана до Владата да достави предлог на застарена и неперспективна опрема, вооружување и муниција до крајот на мај 2019 година.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи до крај на јули 2019 година.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за извршување на пресудата на Европскиот суд за човекови права за видот и висината на материјалната штета во случајот Стојановски и други, А.бр.14174/09 од 7.2.2019 година која произлегува од констатираната повреда на правото на сопственост на апликантите со пресудата на Европскиот суд за човекови права А. бр. 14174/09 од 23.10.2014 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Одлучи дека пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Стојановски и други А.бр.14174/09 од 7.2.2019 година за материјлната штета која прозилегува од констатираната повреда на правото на сопственост на апликантите со пресудата на Европскиот суд за човекови права А. бр. 14174/09 од 23.10.2014 година, да се изврши со исплата на досудениот износ од 190.000 евра најдоцна во рок од три месеци по правосилноста на пресудата на ЕСЧП од 7.2.2019 година.

2. Го задолжи Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права да ја информира Владата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права А.бр.14174/09 од 7.2.2019 година со цел исплата на досудениот износ на апликантите во роковите утврдени од страна на Европскиот суд за човекови права во пресудата.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија, што ќе се одржи на 14 мај 2019 година во Брисел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Живко Брајковски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за ко-претседавач на Поткомитетот за земјоделство и рибарство.

2. Се задолжува ко-претседавачот на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, во соработка со Секретаријатот за земјоделство и рибарство, да ја утврди Листата на учесници на состанокот на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, најдоцна до 24 април 2019 година.

3. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна и ветеринарството и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, да ги достават до Секретаријатот за европски прашања пишаните материјали на англиски јазик, најдоцна до 24 април 2019 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги достави пишаните материјали на англиски јазик до Европската комисија, најдоцна до 24 април 2019 година.

**Точка 16**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, поради потребата од дополнително усогласување.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за работењето на Економско - социјалниот совет во 2018 година и го усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на член 2 и 3 од Спогодбата за основање на Економско - социјалниот совет („Службен весник на Република Македонија" бр.113/10) се задолжуваат сите министерства и другите органи на државната управа кои подготвуваат материјали од делокругот на надлежности на Економско - социјалниот совет пред истите да ги достават до Владата задолжително да ги достават на разгледување и до Економско - социјалниот совет.

2. Се задолжуваат сите министерства и другите органи на државната управа при доставување на материјали за разгледување во владина постапка, кон истите задолжително во прилог да

достават допис со кој ќе потврдат дека предметниот материјал бил претходно доставен и до Економско - социјалниот совет.

Согласно ова, основните комисии на Владата да не ги предвидуваат на дневен ред за разгледување материјалите кои од страна на предлагачите пред нивното доставување во владина постапка не ги доставиле на разгледување и до Економско - социјалниот совет, односно во прилог на материјалите немаат доставено допис со кој ќе го потврдат истото.

## Точка 18

Владата на предлог на предлагачот ја симна од дневен ред Информацијата за формирање на згрижувачки центар за лица со Прадер-Вили Синдром како активност од сферата на социјалната заштита.

## Точка 19

Владата го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП)2019/96 на Советот од 21 јануари 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП)2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Свети Николе, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување на Законот за Централен регистар, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ( I Фаза) и притоа го утврди следното мислење:

Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија согласно Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија директно се применува и согласно ова нема потреба од изменување на статутите во оваа насока.

**Точка 24**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Комисијата за заштита на конкуренција која е одговорна за спроведување на Законот за заштитата на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16) и Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10), го изготви и достави со допис бр.01-95/1 од 26.3.2019 година, Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2018 година до Собранието на Република Северна Македонија. Годишниот извештај се доставува согласно обврската утврдена во член 26 став (6) од Законот за заштита на конкуренцијата, според кој Комисијата за заштита на конкуренцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија и најдоцна до 31 март го поднесува Годишниот извештај.

Во доставениот Извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2018 година, се наведени детални информации за извршување на надлежностите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, како и детални информации за материјално-финансиското работење на Комисијата.

Согласно Извештајот, Буџетот на Комисијата за 2018 година изнесувал 20.800.000 денари, а неговата реализација на крајот на годината изнесувала 18.461.228 денари.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по текстот на Извештајот.

**Точка 25**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година, Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, Годишната програма на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, со предлог-одлуки и притоа го утврди следново мислење

Согласно член 135 став (1) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19), Државната комисија поднесува Годишен извештај за своето работење до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Според став (5) од овој член, Државната комисија донесува финансиски, стратешки планови и годишна програма за работата на Државната комисија кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира нивното спроведување.

Согласно став (6) од овој член, на финансиските и стратешките планови, како и на годишната програма за работа на Државната комисија согласност дава Собранието на Република Северна Македонија.

Буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година изнесувал 19.085.000 денари, додека реализираниот износ не е прикажан во Годишниот извештај за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Одобрениот Буџет на Државната комисија за 2019 година изнесува 19.273.000 денари.

Потребно е Годишниот извештај да се дополни и со финансиските показатели согласно реализацијата на Буџетот за 2018 година.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Страгешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, Предлог-одлуката за давање согласност на Годишна програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и Предлог-одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година од формално-правен аспект се укажува дека во правниот основ за донесување на истите во заградата, ќе треба да се наведе бројот на „Службен весник на Република Македонија" „24/19" во кој е објавен новиот Закон за јавните набавки (*), кој започнува да се применува од 1 април 2019 година, и оттука укажуваме дека броевите на „Службен весник на Република Македонија“ 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18 ќе треба да изостанат.

Текстот на Предлог-одлуките имаат потреба од редакциско подобрување.

Освен наведените укажувања, Владата на Република Северна Македонија нема други забелешки по однос на доставените материјали на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

## Точка 26

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година, Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, Годишната програма на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, со предлог-одлуки и притоа го утврди следново мислење

Согласно член 135 став (1) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19), Државната комисија поднесува Годишен извештај за своето работење до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Според став (5) од овој член, Државната комисија донесува финансиски, стратешки планови и годишна програма за работата на Државната комисија кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира нивното спроведување.

Согласно став (6) од овој член, на финансиските и стратешките планови, како и на годишната програма за работа на Државната комисија согласност дава Собранието на Република Северна Македонија.

Буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година изнесувал 19.085.000 денари, додека реализираниот износ не е прикажан во Годишниот извештај за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Одобрениот Буџет на Државната комисија за 2019 година изнесува 19.273.000 денари.

Потребно е Годишниот извештај да се дополни и со финансиските показатели согласно реализацијата на Буџетот за 2018 година.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Страгешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, Предлог-одлуката за давање согласност на Годишна програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и Предлог-одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година од формално-правен аспект се укажува дека во правниот основ за донесување на истите во заградата, ќе треба да се наведе бројот на „Службен весник на Република Македонија" „24/19" во кој е објавен новиот Закон за јавните набавки (*), кој започнува да се применува од 1 април 2019 година, и оттука укажуваме дека броевите на „Службен весник на Република Македонија" 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18 ќе треба да изостанат.

Текстот на Предлог-одлуките имаат потреба од редакциско подобрување.

Освен наведените укажувања, Владата на Република Северна Македонија нема други забелешки по однос на доставените материјали на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Точка 27**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година, Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, Годишната програма на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, со предлог-одлуки и притоа го утврди следново мислење

Согласно член 135 став (1) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19), Државната комисија поднесува Годишен извештај за своето работење до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Според став (5) од овој член, Државната комисија донесува финансиски, стратешки планови и годишна програма за работата на Државната комисија кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира нивното спроведување.

Согласно став (6) од овој член, на финансиските и стратешките планови, како и на годишната програма за работа на Државната комисија согласност дава Собранието на Република Северна Македонија.

Буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година изнесувал 19.085.000 денари, додека реализираниот износ не е прикажан во Годишниот извештај за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Одобрениот Буџет на Државната комисија за 2019 година изнесува 19.273.000 денари.

Потребно е Годишниот извештај да се дополни и со финансиските показатели согласно реализацијата на Буџетот за 2018 година.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Страгешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, Предлог-одлуката за давање согласност на Годишна програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и Предлог-одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година од формално-правен аспект се укажува дека

во правниот основ за донесување на истите во заградата, ќе треба да се наведе бројот на „Службен весник на Република Македонија" „24/19" во кој е објавен новиот Закон за јавните набавки (*), кој започнува да се применува од 1 април 2019 година, и оттука укажуваме дека броевите на „Службен весник на Република Македонија“ 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18 ќе треба да изостанат.

Текстот на Предлог-одлуките имаат потреба од редакциско подобрување.

Освен наведените укажувања, Владата на Република Северна Македонија нема други забелешки по однос на доставените материјали на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

## Точка 28

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година, Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, Годишната програма на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, со предлог-одлуки и притоа го утврди следново мислење

Согласно член 135 став (1) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19), Државната комисија поднесува Годишен извештај за своето работење до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Според став (5) од овој член, Државната комисија донесува финансиски, стратешки планови и годишна програма за работата на Државната комисија кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира нивното спроведување.

Согласно став (6) од овој член, на финансиските и стратешките планови, како и на годишната програма за работа на Државната комисија согласност дава Собранието на Република Северна Македонија.

Буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година изнесувал 19.085.000 денари, додека реализираниот износ не е прикажан во Годишниот извештај за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Одобрениот Буџет на Државната комисија за 2019 година изнесува 19.273.000 денари.

Потребно е Годишниот извештај да се дополни и со финансиските показатели согласно реализацијата на Буџетот за 2018 година.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Страгешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, Предлог-одлуката за давање согласност на Годишна програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и Предлог-одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година од формално-правен аспект се укажува дека во правниот основ за донесување на истите во заградата, ќе треба да се наведе бројот на „Службен весник на Република Македонија" „24/19" во кој е објавен новиот Закон за јавните набавки (*), кој започнува да се применува од 1 април 2019 година, и оттука укажуваме дека броевите на „Службен весник на Република Македонија“ 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18 ќе треба да изостанат.

Текстот на Предлог-одлуките имаат потреба од редакциско подобрување.

Освен наведените укажувања, Владата на Република Северна Македонија нема други забелешки по однос на доставените материјали на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

## Точка 29

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година, со Предлогодлука и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 109 став (1) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишна програма за работа и развој за наредната година и годишен извештај за работата за претходната година. Исто така, согласно став (4) од истиот член на Законот, Годишниот извештај за работата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор го доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година, а Собранието го одобрува најдоцна до 30 април истата година.

По однос на содржината на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година изработен е согласно членот 109 став (5) од истиот Закон и ги содржи сите наведени елементи: извештај за извршени активности на Агенцијата во 2018 година, извештај за состојбата на пазарот на железничките услуги во Република Македонија во 2018 година, извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за 2018 година и финансиски извештај за 2018 година (годишна сметка) и ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор.

Согласно Извештајот за финансискиот план и финансискиот извештај за 2018 година, Агенцијата во 2018 година има остварено приходи во вкупен износ од 8.001.158 денари и вкупни расходи по оданочување во износ од 6.002.344 денари.

Извештајот за 2018 година содржи структурна анализа на планираните расходи во 2018 година и остварените расходи во истата година, структурна анализа на планираните приходи и остварените приходи во 2018 година, како и споредбени показатели со реализираните приходи и расходи во 2017 година.

Во прилог е доставен Извештајот на независните ревизори, согласно кој финансиските извештаи ја даваат вистинската и објективна слика на финансиската состојба на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор заклучно со 31 декември 2018 година, како и на нејзината финансиска успешност за годината која што завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации.

Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по однос на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година.

По однос на текстот на Предлогодлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година од формално - правен аспект се укажува на следното:

- како изричен правен основ за донесување на Предлогодлуката ќе треба да се наведе член 109 став (4) од Законот за железничкиот систем и

- текстот на Предлогодлуката има потреба од редакциско подобрување.

Притоа се укажува дека во прилог ќе треба да биде доставено и Образложение на Предлогодлуката.

**Точка 30**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“, бр.51/11, 148/13, 41/14, 53/16 и 11/18), Државната комисија е државен орган со својство на правно лице, кој е самостоен во својата работа.

За својата работа Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, согласно член 6 став (1) од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“, бр.51/11, 148/13, 41/14, 53/16 и 11/18), поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Со доставениот извештај прикажани се надлежностите, организациската структура, како и вкупниот број на примени и решени предмети во текот на 2018 година, по жалби против решенија донесени во прв степен во управна постапка како и по жалби/приговори против одлуките кои се однесуваат на правата и обврските кои произлегуваат од работните односи за кои е надлежна Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Од содржината на доставениот извештај на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, може да се констатира дека ги содржи сите компоненти предвидени во член 6 став (3) од Законот за основање на државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (број на примени предмети, број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби), број на нерешени предмети, број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети), како и статистичка анализа на постапките на правна заштита по области.

Исто така, Извештајот содржи приказ на внатрешната организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и нејзината кадровска структура, по поставеност и екипираност, активности за подобрување на квалитетот во работењето и за зголемување на ефикасноста во работењето на Комисијата и унапредување на постапувањето во управните постапки.

Согласно Извештајот, Буџетот на Комисијата за 2018 година изнесувал 57.625.000 денари, а неговата реализација на крајот од годината 45.120.587 денари.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на доставениот Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2018 година.

## Точка 31

Владата го разгледа Извештајот за работата на Агенцијата за администрација за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 13 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Агенцијата за

администрација за својата работа за претходната година до Собранието на Република Северна Македонија доставува годишен извештај, најдоцна до 31 март во тековната година.

Од формален аспект, Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2018 година е доставен во законскиот рок, односно на 29.3.2019 година до Собранието на Република Северна Македонија.

Согласно истиот, Буџетот на Агенцијата за 2018 година изнесувал 40.261.000 денари, а неговата реализација до 31 декември 2018 година изнесува 39.284.359 денари.

Освен горенаведените средства, кои се обезбедени на сметката 630-Расходи на основен буџет, Агенцијата за администрација во 2018 година располага и со дополнителни средства во износ од 250.000 денари, обезбедени на сметката 787- Буџет од самофинансирачки расходи. Согласно податоците на Министерството за финансии, до 31 декември 2018 година, реализацијата на овие средства изнесувала 138.920 денари.

Во материјална смисла, Извештајот содржи податоци за спроведување на сите законски надлежности, и тоа за: објавување на јавни огласи за вработување на административни службеници, организација на постапки за селекција на административни службеници, постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, спроведување на испитот за административен службеник и испитот за административно управување, водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и други работи утврдени со закон.

Дополнително, во Извештајот има заклучоци за предизвиците со кои Агенцијата за администрација се соочила изминатата година при спроведување на своите надлежности, како и препораки упатени до Министерството за информатичко општество и администрација,

Министерството за образование и наука, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, првостепените органи и институциите од јавниот сектор, со цел подобрување на практичната примена на законската рамка за управување со човечки ресурси во јавниот сектор и унапредување на домашната и меѓународната соработка на Агенцијата за администрација.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по доставениот извештај и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Извештајот.

## Точка 32

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2018 година и притоа го утврди следново мислење

Основањето и надлежностите на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер утврдени се во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18).

Извештајот за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2018 година произлегува од законската обврска утврдена во член 37 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно која Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на добиените податоци од извештаите на имателите на информации изготвува заеднички годишен извештај за спроведувањето на Законот кој го поднесува до Собранието до 31 март во тековната година за претходната година.

Извештајот за работа на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2018 година има добра структура и ги содржи компонентите утврдени во член 37 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а кои годишниот извештај особено треба да ги содржи (број на поднесени барања, на позитивно одговорени барања, на одбиени барања, број на вложени приговори и број на одлуки, број на конечни одлуки против кои е поведен управен спор и донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена).

Исто така, содржаните статистички податоци во пишаниот дел од Извештајот, дадени се и преку графички приказ на предметите и тоа по број на поднесени жалби по месеци, на поднесени жалби по статус на подносителот, компаративни податоци на поднесени жалби по години, решени предмети и нивна структура, жалби поднесени против иматели на информации, како и споредбен преглед на иматели на информации, поднесени барања, одговорени барања и примени годишни извештаи од почетокот на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Покрај содржаните задолжителни елементи, доставениот извештај претставува и сублимат од работењето на Комисијата, преку кој се прикажани степенот на имплементација на Законот, констатираните состојби. Извештајот содржи приказ на внатрешната организација на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и нејзината кадровска структура, по поставеност и екипираност, активности за подобрување на квалитетот во работењето, краток финансиски извештај, воочените слабости и добри практики, како и препораки за зголемување на ефикасноста и унапредувањето во работењето на Комисијата.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешка по Извештајот за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2018 година.

## Точка 33

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 338 од Законот за трговските друштва, поднесено од пратеникот Агим Шаќири и притоа го утврди следното мислење

Член 338 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 61/16, 64/18 и 120/18) во Оддел 5 со наслов Правни односи меѓу друштвото и акционерите го предвидува следното:
„Правата од стекнатите сопствени акции мируваат".

Стекнати сопствени акции, според член 3 точка 44) од Законот, се акции издадени од акционерското друштво коишто ги стекнува по различни основи и при што правата содржани во тие акции мируваат.

Основите за стекнување сопствени акции се утврдени во рамки на член 333 (Стекнување сопствени акции со откуп), член 334 (Постапка за пропорционално стекнување сопствени акции од акционерите) и член 335 (Посебни начини на стекнување сопствени акции).

Начинот и рокот за отуѓување, односно поништувањето на сопствените акции се регулирани во член 335 став (2) и (3), како и во член 336 кој предвидува:

(1) Акциите стекнати спротивно на член 333, 334 и 335 се отуѓуваат во рок од една година од денот на нивното стекнување. Ако акциите не се отуѓат во тој рок, ќе се применуваат одредбите од член 335 став (3) на овој закон.

(2) Без оглед на тоа како се стекнати сопствените акции, односно согласно со или спротивно на одредбите на член 333, 334 и 335 од овој закон и без оглед на роковите за нивно отуѓување, пред да се поништат, сопствените акции мора претходно да бидат понудени за продажба по пат на јавна понуда.

За прецизирање на правата на друштвото во однос на стекнатите сопствени акции, потребно е покрај наведените законски одредби да се земе во предвид и дефиницијата за „акција" во член 3 точка 2) од Законот, според која „акцијата е хартија од вредност (којашто може да ја издаваат акционерското друштво и командитното друштво со акции) во којашто е претставен дел од основната главнина и во која се отелотворуваат правата на акционерот кој, како сопственик на акцијата, не е доверител на друштвото, ниту сопственик на еден дел од имотот на друштвото".

На овој начин, со овие законска одредби, статусот на друштвото кое се стекнало со сопствените акции, се поистоветува со статусот акционер на друштвото, за конкретно определен дел од

основната главнина на друштвото и за одреден временски период, се додека сопствените акции не бидат отуѓени, односно поништени, во рамки на законски предвидените рокови.

Во овој контекст, правата на акционерот, како сопственик на акцијата кои произлегуваат директно од правата содржани во акциите се утврдени во член 278 и 279 од овој Закон.

Член 278 предвидува:
(1) Обичните акции се акции кои им даваат на нивните сопственици:
 1) право на глас во собранието на друштвото;
 2) право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
 3) право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.
(2) Приоритетните акции, кога имаат право на глас, покрај правата од став (1) на овој член даваат и други повластени права, како што се правото на дивиденда во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата, право на првенство при исплата на дивиденда, правото на исплата на остаток од ликвидациона, односно стечајна маса и други права определени во статутот и во одлуката за издавање акции, во согласност со закон. Приоритетните акции кои не даваат право на глас го стекнуваат ова право кога со овој закон, односно со статутот тоа е определено.
(3) Правата од ставот (2) на овој член можат да се остваруваат поединечно или заедно.

Понатаму, членот 279 предвидува:
(1) Приоритетните акции можат да бидат кумулативни и партиципативни.
(2) Кумулативната приоритетна акција му дава на сопственикот право на наплата на акумулираните неплатени дивиденди пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопственикот на обични акции.
(3)Партиципативната приоритетна акција му дава на сопственикот, покрај утврдената (фиксна) дивиденда, и право на исплата на дивиденда којашто им припаѓа на сопствениците на обични акции.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби, јасно е утврдено дека одредбата од член 338 од овој закон, според која „Правата од стекнатите сопствени акции мируваат“, се однесува на правата содржани во акциите утврдени во член 278 и 279 од овој закон, се додека истите не бидат отуѓени, односно поништени на начин и во рамки на роковите согласно член 335 и 336 од овој закон.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија предлага да не се даде автентично толкување на член 338 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 61/16, 64/18 и 120/18), бидејќи законодавецот на јасен и прецизен начин има утврдено дека правата од стекнатите сопствени

акции кои мируваат, се правата содржани во акциите согласно член 278 и 279 од Законот за трговските друштва.

## Точка 34

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 65 став 5 од Законот за културата, поднесено од пратениците Невенка Стаменковска Стојковски, Магдалена Манаскова и Ане Лашкоска и притоа го утврди следново мислење

Со член 65 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) е регулирано следното:

„(1) Министерот за култура по предлог на комисиите, односно надворешните соработници од членот 11 став (4) од овој закон, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, одлучува за избор на проекти од национален интерес во културата по годишните конкурси од членот 62 став (1) од овој закон.

(2) Министерот за култура по предлог на комисиите, односно надворешните соработници од член 11 став (4) од овој закон, во рок од 45 дена од денот на завршувањето на конкурсите од членот 64 став (1) од овој закон, одлучува за избор на проекти од национален интерес во културата по конкурсите од членот 64 став (1) од овој закон.

(3) Решенијата од ставовите (1) и (2) на овој член содржат податоци за проектите што се избрани на конкурсот и податоци за проектите што се одбиени на конкурсот.

(4) Резултатите од конкурсите од ставовите (1) и (2) на овој член се објавуваат на веб страницата на Министерството за култура.

(5) Против решенијата од ставовите (1) и (2) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Жалбата не го одлага извршувањето."

Согласно цитираната одредба од Законот за културата, министерот за култура по пријавите доставени на Годишните конкурси на предлог на стручните комисии одлучува со донесување на конкретен управен акт (решение), кој има правно дејство по доставувањето на странката и во кој е содржана правна поука.

Согласно член 65 став (4) од Законот, објавувањето на резултатите по конкурсите на веб страницата на Министерството за култура не е управно дејствие ниту управна работа против

кои странката може да изјави приговор, а ниту е управен акт против кој странката може да изјави жалба.

Имено, согласно член 65 став (5) од Законот за културата, жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се изјавува против решенијата на министерот за култура со кои министерот за култура одлучува за избор на проекти од национален интерес во културата.

Имајќи го предвид напред наведеното, одредбата членот 65 став (5) од Законот за културата е јасна и прецизна и не остава простор за двосмислено толкување, со оглед на тоа што во член 65 став (5) од Законот, јасно е уредено дека жалбата може да се изјави против решенијата на министерот за култура со кои министерот за култура одлучува за избор на проекти од национален интерес во културата.

Имено и во согласност со член 106 став (1) од Законот за општата управна постапка, странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето односно известувањето за управниот акт освен ако со посебен закон не определен подолг рок.

Јасно и недвосмислено е регулирано во Законот, дека решението со кое министерот за култура одлучува за избор на проекти од национален интерес во културата треба да се достави до странката.

Имено, согласно член 95 став (1) од Законот за општата управна постапка, управниот акт може да произведува правни последици од моментот кога на странката на која што се однесува или врз која што влијае и е доставен актот.

Врз основа на претходно изнесеното, членот 65 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), е јасен и прецизен и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на наведената одредба.

## Точка 35

Владата го одложи од разгледување Статутот на Европски универзитет, бр.03-195/1 од 27.3.2019 година за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за образование и наука да му укаже на Универзитетот да го усогласи Статутот со амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокатите Ивица Димитриев и Мартин Насков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.56/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 197 став 7 од Законот за трговските друштва и притоа го утврди следното мислење

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 197 став (7) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) сметајќи дека е во спротивност со член 8 став 1 алинеи 3 и 7, како и со член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, од причини што оваа законска одредба го ограничувала правото на содружниците на слободно учество на пазарот и претприемништвото само во поглед на купување/продавање односно само преносот на уделот додека ваквото ограничување при стекнувањето на уделот со основање на друштво Законот не го предвидувал, со што содружниците кои вршеле пренос на веќе стекнатиот удел се наоѓале во нееднаква положба од оние содружници кои стекнуваат удел со основање на друштво со оглед дека сопружникот при основање на друштво немал обврска да доставува докази за платени придонеси, царини, даноци и со тоа се ограничувала слободата на пазарот и претприемништвото. Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека обврската за доставување на доказ за платени придонеси, даноци и царини при пренос на удел, не била во согласност со Уставот од причина што не можело да му се ограничува правото на граѓанинот односно содружникот на слобода на пазар и претприемништво со условување за платени придонеси, даноци и царини со оглед дека постоеле законски механизми за постапување при неплаќање на јавните давачки.

Согласно член 8 став 1 алинеи 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија меѓу другите темелни вредности е владеењето на правото, како и слободата на пазарот и претприемништвото.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 33 од Уставот, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Според член 55 став 1 од Уставот, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Согласно став 2 на овој член, Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти

на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Во став 3 од истиот член е утврдено дека слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Согласно член 197 став (1), (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за трговските друштва е утврдено располагањето со уделот при што е наведено дека содружниците располагаат со уделите под условите утврдени во договорот за друштвото, пренесувањето на уделите се врши на начин и постапка определени со договорот за друштвото, во целост или само дел од уделот и тоа со договор за пренос на удел заверен кај нотар, како и е дадена можност содружникот на друштвото да го заложи уделот според услови определени со договорот на друштвото.

Во став (7) од член 197 од Законот, е утврдено дека содружниците во друштвото кои должат по основ на неплатени даноци, царини и придонеси не можат да купуваат, ниту да вршат пренос на удели во своето, или во други трговски друштва.

Согласно став (8) од истиот член, став (7) на овој член не се применува на содружниците со статус орган на државна управа и фондови основани од државата, кои стекнале удели во друштвото врз основа на закон.

Согласно претходно наведеното се смета дека се неосновани наводите за противуставност на одредбите на член 197 став (7) од Законот за трговските друштва, во смисла дека се ограничува слободата на пазарот и претприемништвото, туку напротив со истите се има за цел да се овозможи еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, со што би се намалила даночната евазија и нелојалната конкуренција на пазарот, доколку трговците навремено ги подмируваат јавните давачки.

Притоа, целта на законодавецот за донесување на оваа законска одредба е да се овозможи навремено исполнување на даночните и царински обврски, како неопходен предуслов и гаранција дека трговците навремено ќе ги исполнуваат и парични обврски кои произлегуваат од реализација на деловни трансакции меѓу приватните субјекти, но и помеѓу субјектите од приватниот и јавен сектор, а напротив со нејзината примена треба да се подобри функционирање на пазарот, ликвидноста и оптималното работење на правните субјекти, а ќе ја зголеми и конкурентноста на македонските компании.

Согласно член 197 став (7) од Законот за трговските друштва, се воспоставува законска рамка на правила кои се еднакви за сите со кои се обезбедува слобода на пазарот и претприемништвото, еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и со истиот не се повредува владеењето на правото кое претставува темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Напротив, преку исполнувањето на законските обврски за

измирување на даноците, придонесите, царините и другите јавните давачи се овозможува непречено функционирање на пазарот, се намалуваат ризиците при работењето, а се поттикнува и долгорочен економски раст на националната економија. При тоа, доколку нема даночна/финансиска дисциплина би имало продолжени рокови за подмирување на комерцијалните обврски, висок процент на долгови, продлабочување на сивата економија и слично.

Освен тоа, во член 29 став (2) точка 1 од Законот за трговските друштва, утврдено е дека трговско друштво не може да основа трговски друштва чија сметка отворена кај кој било носител на платен промет е блокирана и лицата кои се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на тие друштва, се додека трае блокадата на сметката на друштвото, или додека над истото не се отвори постапка на ликвидација или стечај.

Оттука, се укажува дека се неточни наводите во Иницијативата дека оваа оспорената законска одредба (член 197 став (7) од Законот за трговските друштва) го ограничувала правото на содружниците на слободно учество на пазарот и претприемништвото само во поглед на купување/продавање односно само за преносот на уделот, додека ваквото ограничување при стекнувањето на уделот со основање на друштво законот не го предвидувал, со оглед дека содружникот при основање на друштво немал обврска да доставува докази за платени придонеси, царини, даноци и со тоа се ограничувала слободата на пазарот и претприемништвото.

Согласно член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.166/12) Централниот регистар на Република Северна Македонија има воспоставено посебен регистар на блокирани субјекти во кои ги внесува блокираните трговци поединци и блокираните трговски друштва содржани во прегледот добиен од Управата за јавни приходи. („Црна листа").

Во овој контекст се смета дека доколку на даночните обврзници/содружниците кои се должници по основ неплатени даноци, царини и придонеси им се блокираат сметките на трговските друштва од страна Управата за јавни приходи и Царинската управа, како надлежни даночни/царински органи, истите подлежат на ограничувањето утврдено во член 29 став (2) точка 1 од Законот за трговските друштва, со што се побиваат наводите дека законодавецот за содружниците на друштвото не предвидел ограничување при стекнувањето на удел со основање ново друштво.

Имајќи го предвид претходно наведеното оспорените одредби на член 197 став (7) од Законот за трговските друштва се во согласност со член 8 алинеи 3 и 7 и со член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 197 став (7) од Законот за трговските друштва, како правно неоснована.

## Точка 37

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.62/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 став 3 точка 2-а од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013 и 7/2019), поднесена од Светскиот Македонски Конгрес од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 став (3) точка 2-а) од Законот за банките, подносителот предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 став (3) точка 2-а) од Законот за банките поради негова неусогласеност односно спротивност со Уставот на Република Северна Македонија. Истовремено подносителот предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да го поништи Законот за изменување и дополнување на Законот за управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2019) поради што Иницијативата е контрадикторна.

Според подносителот на Иницијативата, членот 112 став (3) точка 2-а) од Законот за банките не е во согласност со член 8 став 1 алинеи 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, според кои темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и владеењето на правото. Истовремено, подносителот наведува дека оспорената одредба не е во согласност и со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот на Република Северна Македонија и законите се еднакви." Подносителот укажува дека оспорената одредба е во спротивност и со член 18 од Уставот на Република Северна Македонија, со кој „Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците", како и со член 33 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој „Секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон". Според подносителот, оспорената одредба не е во согласност и со член 51 и член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, според кои „Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, а сите други прописи со Уставот на Република Северна Македонија и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот на Република Северна Македонија и законите. Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните."

Во образложението на Иницијативата, подносителот наведува дека оспорениот член 112 став (3) точка 2-а од Законот за банките поттикнува нарушување на владеењето на правото, бидејќи се руши обврската од членот 10 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19), кој гласи: „Платниот промет се извршува единствено преку трансакциски сметки кои се пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки. Не е дозволено плаќање помеѓу учесниците во платниот промет кое не се извршува преку трансакциски сметки.".

Во Иницијативата е наведено дека позајмувањето и плаќањето на долговите од една на друга банкарска сметка создаваат услови истите пари во трансферот на повеќе банкарски сметки повеќекратно да бидат оданочени со данок на приход, колку што исти пари се користат за плаќање на должнички обврски преку трансакционите сметки. Парите на банкарска сметка и при трансферот од странство во платниот промет во Република Северна Македонија, веќе еднаш се оданочени во домицилната држава, оданочувањето на истите пари со кршење на банкарската тајна на трансакционата сметка во банки во Северна Македонија само ќе се дуплира и со тоа се поттикнуваат граѓаните да прибегнуваат кон плаќање и трансфери на пари во готово, што е надвор од секаква контрола и поттикнува сива економија што го руши економскиот систем на државата во целина.

Во Иницијативата наведено е и дека членот 112 став (3) точка 2-а) од Законот за банките ги операционализира правата на Управата за јавни приходи за легализиран „упад" во банкарскиот систем за нарушувањето на банкарската тајна.

Во врска со наводите на подносителот на иницијативата укажуваме дека членот 112 од Законот за банките во кој е содржано решението против кое е поднесена иницијативата за поведување на постапката за оценување на уставноста гласи:

(1) Лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во банката кои имаат пристап до документите, податоците и информациите на овој закон, како и лицата кои преку давање услуги на банката имаат пристап до документите, податоците и информациите од членот 111 на овој закон (одредба во која е утврдено што се смета под банкарска тајна) се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член не се однесува во следниве случаи, ако:

1) со закон е пропишано објавување на податоците и информациите и

2) лицето дало писмена согласност за откривање на податоците.

(3) За лицата со посебни права и одговорности и вработените во банката обврската од ставот (1) на овој член не се однесува и во следниве случаи:

1) по писмено барање на јавното обвинителство или надлежен суд за водење на постапки кои се во рамките на неговите надлежности;

2) за потребите на Народната банка или на друг супервизорски орган овластен со закон;

2-а) ако податоците за приливи на средства на сметки на физички лица се соопштуваат на Управата за јавни приходи, во согласност со закон;

3) по писмено барање на Управата за јавни приходи за водење на постапки кои се во рамките на нејзините надлежности, во согласност со закон;

4) ако податоците се соопштуваат на Управата за финансиско разузнавање, во согласност со закон;

5) ако податоците се соопштуваат на Управа за Финансиската полиција, во согласност со закон;

6) на писмено барање на Државниот девизен инспекторат за контрола на девизното работење;

6-а) на писмено барање на Царинската управа за водење на постапки кои се во рамките на нејзината надлежност, во согласност со закон;

7) на писмено барање на Фондот за осигурување на депозити, во согласност со закон;

8) на писмено барање на Агенцијата за управување со одземен имот, во согласност со закон;

9) на писмено барање на нотар во рамките на водењето оставинска постапка, согласно со закон;

10) ако податоците се соопштуваат за потребите на функционирање на Кредитниот регистар на Народната банка и до кредитно биро, во согласност со закон;
11) податоците се соопштуваат за потребите на управување со кредитниот ризик на други членки на банкарска група или на банкарска група чие матично лице е со седиште надвор од Република Македонија, а чија членка е банката;

12) по писмено барање на лицата овластени за извршување во согласност со закон и

13) ако податоците се даваат на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за потребите на вршење на работите од нивните надлежности и во согласност со прописите за

заштита на личните податоци, само доколку банка склучи меморандум за соработка со овие институции, со кој се регулира начинот на достапност на податоците од членот 111 на овој закон.

(4) Лицата кои согласно со ставот (3) од овој член дошле до документите, податоците и информациите од членот 111 на овој закон се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица, освен во случаи и во постапка утврдена со овој или друг закон.

(5) Обврската од ставовите (1) и (4) на овој член продолжува и по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основот и статусот врз основа на кој е остварен пристап до податоците кои се сметаат за банкарска тајна.

Тргнувајќи од ваквата уреденост на прашањето поврзано со постапувањето со податоците кои имаат третман на банкарска тајна, неспорно може да се види дека овој член покрај утврдениот принцип на заштита на банкарската тајна, истовремено во став 3 утврдил и отстапување од овој принцип преку таксативно утврдување на случаите и институциите на кои можат овие податоци да се соопштуваат односно откријат. Во став 4 од истиот член, утврдено е дека овие податоци можат да се користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смееаат да се откриваат освен во случаи и во постапки утврдени со Законот за банките или друг закон.

При ваквата уреденост на прашањата за податоците утврдени како банкарска тајна во Законот за банките, посебно во однос на постапувањето со истите од страна на имателите на овие податоци и утврдување на случаите кога тие може да се откриваат и соопштуваат, се смета дека посоченото решение во Иницијативата за оценување на усогласеноста со Уставот на Република Северна Македонија, кое се однесува на соопштување на приливи на средства на сметки на физички лица на Управата за јавни приходи, во согласност со закон е во рамките на целта и интенцијата на законодавецот за вградување на ваква одредба во Законот за банките. Ова уште повеќе што и пред направено дополнување на Законот за банките со точка 2-а) на член 112 став (3), банката беше ослободена од обврската за чување на банкарска тајна кога вакви податоци се соопштуваа на Управата за јавни приходи по поднесено барање за постапките што се водат во рамките на истата. Со дополнувањето на Законот за банките со наведената одредба покрај соопштување на податоците од страна на банката на барање на Управата за јавни приходи се утврдува и редовно месечно доставување на податоците за приливи на средства на сметки на физички лица, за остварување на целите и надлежности на Управата за јавни приходи.

Тргнувајќи од ова се смета дека наводите во Иницијативата дека посочената одредба е во спротивност со член 8 став 1 алинеи 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, со кои се гарантираат основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и владеењето на правото, се неосновани. Ова затоа што со оспорената одредба во никој случај не се повредени слободата и правата на човекот и граѓанинот признаени со меѓународното право и со Уставот на Република Северна Македонија, ниту пак е нарушена темелната вредност на владеење на правото. Со

наведената одредба направено е само дополнување на член 112 став 3 во кој се утврдени случаите во кој можат да се соопштуваат податоците утврдени како банкарска тајна на трети лица и пред се во функција на усогласување на Законот за банките со Законот за Управата за јавни приходи во кој се утврдени целите за кој се доставуваат податоците од страна на банката. Се смета дека со вградување на ова одредба, а притоа имајќи ја и целта за која се доставуваат податоците на Управата за јавни приходи и надлежностите на истата утврдени во Законот за управата за јавни приходи и другата даночна регулатива оспорената одредба е во функција на остварување на член 33 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирување на јавните расходи на начин утврден со закон, што пак подразбира покрај другото утврдување на данокот, наплата, контрола и сл.

Неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата и за неусогласеност на оспорената одредба со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот на Република Северна Македонија и законите се еднакви“, од причина што со оспорената одредба во никој случај не е направена повреда на оваа одредба од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи таа подеднакво се однесува за сите граѓани.

Исто така, се смета дека неосновани се наводите во иницијативата за неусогласеноста на посочената одредба од Законот за банките со член 18 од Уставот на Република Северна Македонија со кој се гарантира сигурност и тајност на личните податоци од причина што во Законот за банките во член 112 став (3) точка 2-а) е утврдено дека податоците за приливи на средства на сметка на физички лице се соопштуваат на Управата за јавни приходи, во согласно со закон, а тоа е во согласност со Законот за управата за јавни приходи. Во Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14, 61/15, 27/16, 35/18, 83/18, 7/19), во член 17 утврдени се субјектите од кои Управата за јавни приходи прибира податоци и податоците кои ги доставуваат носителите на платниот промет, а во член 17-а изречно е утврдено дека Управата за јавни приходи податоците ги собира и обработува во согласно со закон и Законот за заштита на личните податоци, што значи дека во однос на личните податоци при обработка на прибраните податоци ги применува сите мерки и активности утврдени во Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти донесени согласно овој закон во однос на заштитата на личните податоци и обезбедување на сигурност и тајност на истите.

Неоснован е и наводот во Иницијативата за неусогласеност на одредбата со член 33 од Уставот на Република Северна Македонија во кој е утврдено дека секој е должен да плаќа даноци и други јавни давачки, бидејќи тргнувајќи од целите заради кои ги прибира Управата за јавни приходи податоците, вклучувајќи ги податоците кои се доставуваат согласно со член 112 став (3) точка 2-а) од Законот за банки, се покрај другото заради утврдување на статусот на даночните

обврзници, утврдување на остварените приходи на лицата кои подлежат на оданочување, утврдување, контрола и наплата на даноците, така што посочената одредба не е во спротивност со член 33 од Уставот на Република Северна Македонија, туку напротив, истата е во функција на доследно спроведување на обврската за утврдување и плаќање на даноци.

Имајќи го во предвид понапред наведеното, се смета дека не е повреден ни член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во кој е утврдено дека законите мора да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи од горенаведеното може да се види дека не постои неусогласеност на посочената одредба од Законот за банките со наведените во иницијативата одредби од Уставот на Република Северна Македонија.

Во случајов не постои неусогласеност ни со член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, со кој е утврдено дека законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните, од причина што оспорената одредба нема повратно дејство, бидејќи примената на оваа одредба, посебно утврдената обврска за доставување на податоци согласно Законот за банките, неспорно е дека ќе се применува по влегување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/19).

Се смета дека оспорената одредба не предизвикува никакво негативно и неповолно дејство за граѓаните од причина што посочената одредба е во согласност со Законот за управата за јавни приходи и другата даночна регулатива со која Управата за јавни приходи учествува во изготвување на претпополнета годишна даночна пријава, која ја заменува досегашната годишна даночна пријава, што беше утврдена како обврска на граѓаните. Граѓаните сега се ослободуваат од обврската да ја пополнуваат годишната даночна пријава и истата да ја доставуваат до Управата за јавни приходи, затоа што согласно важечката регулатива работи поврзани со истата сега ги презема Управата за јавни приходи.

Имајќи го предвид горенаведеното се смета дека оспорената одредба на член 112 став (3) точка 2-а) од Законот за банките не е во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 1 и алинеја 3, член 9, член 18, член 33, член 51 и член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 112 став (3) точка 2-а) од Законот за банките, како правно неоснована.

Истовремено, подносителот на Иницијативата предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да го поништи Законот за изменување и дополнување на Законот за управата за јавни приходи поради што Иницијативата е контрадикторна и нејасна. Со оглед на тоа што подносителот има поднесено посебна Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за управата за јавни приходи, Владата на Република Северна Македонија ќе даде посебно мислење во однос на прашањето за уставноста на овој закон.

## Точка 38

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Трајче Торов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.3/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 449 став (2) од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09 и 161/09) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста се оспорува членот 449 став (2) од Законот за облигациони односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 4/02 и 5/03), со наводи дека е спротивен на член 30 став 1 и 4 и член 58 став 1 од Уставот, бидејќи според подносителот на Иницијавата, се врши повреда на забраната за дискриминација и правото на сопственост.

Во однос на поднесената Инцијатива нагласуваме дека Уставниот суд во три претходни наврати одлучувал по иницијативи за оценка на уставноста на оспорениот член и не повел постапка и тоа со решенија У.бр.53/03 од 30.3.2003 година, У.бр.221/04 од 26.1.2005 година и У.бр.37/06 од 31.5.2006 година.

Со наведените решенија, Уставниот суд утврдил дека оспорената одредба не е спротивна на членот 8 став 1 алинеја 3 и членовите 9 и 55 од Уставот.
Следствено, Владата смета дека прашањето во однос на овие членови е веќе одговорено.

Во однос на наводите на подносителот дека оспорената одредба од член 449 став 2 од Законот за облигационите односи е спротивен на членот 30 ставови 1 и 4 и член 58 став 1 од Уставот, го истакнуваме следното:

Членот 449 став 2 од Законот за облигационите односи предвидува дека „Ништовен е договорот со кој адвокат или некој друг налогопримач би купил спорно право чиешто остварување му е доверено, или би договорил за себе учество во поделбата на износот досуден на неговиот налогодавец.“

Од друга страна, членот 30 ставот 1 предвидува дека „Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување,“ а став 4 гласи „Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира правичен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност. „Воедно, членот 58 став 1 од Уставот гласи: „Сопственоста на трудот се основа за управување и учество во одлучувањето.“

Владата ги повторува ставовите дека оспорената одредба всушност пропишува ништовност на договор за купување на спорно право, но само за одредена категорија на лица и под определени услови, односно за адвокати или други налогопримачи на кои им е доверено остварувањето на спорното право. Ова произлегува од својството и улогата на наведените лица поради вршењето

на адвокатската дејност и вршењето на правото, признато во правниот поредок, во рамките на нивната професија која мора да се движи во нормирани рамки. Со нормирање на конкретниот облигационен однос со оспорената законска одредба, која не дозволува и пропишува ништовност за настанување на договорот за купување на спорно право од страна на адвокатите или други налогопримачи на кои им е доверено остварувањето на спорното право, законодавецот директно го ставил во функција начелото на совесност и чесност пропишано во членот 5 од Законот, според кое во засновувањето на облигационите односи и остварувањето на правата и обврските од тие односи учесниците се должни да се придржуваат кон начелото на совесност и чесност.

Доколку адвокатите излезот од рамките на вршењето на правната помош и со правна работа за себе земаат лично учество за работите внатре во односот на спорното право, преку договор за купување или во поделбата на износот досуден на неговиот налогодавец, се доведува во прашање заштитата од недозволено користење на правната положба на адвокатите или други налогопримачи и ризик од злоупотреба на правото.

Во таа смисла, истакнуваме дека според членот 53 од Уставот на Република Северна Македонија, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Исто така, според член 2 ставови 2 и 3 од Законот за адвокатурата, адвокатите вршат јавни овластувања во согласност со овој и други закони.

При остварувањето на адвокатската дејност, адвокатот се раководи исклучиво од интересите на странката кои ги заштитува на најдобар начин со законски средства.

Во случајов со оспорената одредба, не може да се каже дека станува збор за ограничување на сопственоста бидејќи се работи за спорно право чиешто остварување е доверено. Законодавецот не ја забранил продажбата на спорното право, туку напротив, член 449 став 1 од Законот го дозволува прометот на спорното право. Со ставот 2 се ставаат само одредени ограничувања што е сосем разумно заради потребата за заштита на правото на сопственост и почитување на другите начела, како начелото на совесност и чесност предвидено со Законот за облигационите односи, но и определбата на Законот за адвокатурата дека адвокатот се раководи исклучиво од интересите на странката.

Воедно, сметаме дека нема повреда на членот 58 став 1 од Уставот бидејќи доверувањето на вршењето на спорно право и ангажирањето на адвокат, како вршител на јавни овластувања, не може да се изедначи со сопственост на трудот или договорот за ортаклак. Нагласуваме дека ангажирањето на адвокат не е заедничко вложување во труд и средства и не треба да има таков третман бидејќи е спротивно на адвокатурата, како јавна служба и воедно би отворило пат за злоупотреба на правото.

Имајќи го во предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 449 став 2 од Законот за облигационите односи.

## Точка 39

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Анета Петровска Алексовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12060 за КО Ѓорче Петров 1 Ново Село на КП 746, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски до Владата да достави мислење по Понудата.

## Точка 40

Владата го симна од Дневниот ред Заклучокот од извршител Весна Деловска од Скопје, за усна јавна продажба на 3/60 идеален дел на должникот Панче Трипуновски од недвижноста опишана во ИЛ бр.188 за КО Петровец, поради тоа што продажбата е одржана на 19 април 2019 година.

## Точка 41

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 42

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 15 април 2019 година до 21 април 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата заклучи Заклучокот бр.2 по Точка 4 (Информација со список на станари кои живеат во становите на Друштвото и податоци за неплатени давачки, со табеларни прикази) од 106-та седница на Владата, одржана на 4.12.2018 година кој гласи:

„2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во рок од десет работни дена да формираат мобилни инспекции кои ќе вршат теренска контрола на корисниците на станови под закуп и за спроведената контрола да ја информираат Владата најдоцна до крајот на февруари 2019 година."
да се измени и да гласи:

„Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во рок од 15 дена до Владата да достави информација за спроведената теренска контрола на корисниците на станови под закуп"

**3.** Владата на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со Заклучокот од 130-та седница на Владата, точка 23, кој се однесува на Информацијата за прогрес на реализацијата на акцискиот план за пристапни рампи за лицата со инвалидност, каде е наведена потребата државните институции и единиците на локалната самоуправа во рамките на сопствените буџети да обезбедат финансиски средства со цел непречен пристап за лицата со инвалидност до и во објектите кои се од нивна надлежност, ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа од Прилог 1 и Прилог 1а, за потребата од обезбедување непречен пристап на лицата со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), да го користат „Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена („Службен весник на Република Македонија" бр.17/15).

2. Се задолжува Министерството за правда да му препорача на Судскиот совет на Република Северна Македонија, за потребата од обезбедување непречен пристап на лицата со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност наведени во Прилог 1а (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), да го користи „Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена („Службен весник на Република Македонија" бр.17/15).

3. Се препорачува на општините, на Градот Скопје и општините во Градот Скопје од Прилог 2 и Прилог 2а, за потребата од обезбедување непречен пристап на лицата со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), да го користат „Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена („Службен весник на Република Македонија" бр.17/15).

4. Се препорачува на Службата на Собранието на Република Северна Македонија, за потребата од обезбедување непречен пристап на лицата со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), да го користи „Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и

вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/15).

**4.** Владата заклучи да се измени Заклучокот од точка 17 од Сто дваесет и деветтата седница на Владата, одржана на 9 април 2019 година, и да гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со стопанската единица Друштво за производство, промет и услуги „Економија - Идризово“ ДООЕЛ Скопје и потребата за преземање на долг од страна на Управа за извршување на санкциите, ја усвои и заклучи:

- се овластува и задолжува Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише спогодбите, да ги преземе и подмири обврските на Друштвото за производство, промет и услуги „Економија - Идризово“ ДООЕЛ - Скопје, согласно проценката од Бирото за судски вештачења, заради обештетување на доверителите кои произлегуваат од Правосилната судска одлука од Основниот суд Скопје II бр. 5 ПЛ1-1532/12 од 2.12.2013 година правосилна на 5.2.2014 година и декларациите за плати за вработените во „Економија - Идризово“ ДООЕЛ, Скопје, издадена од Управата за јавни приходи за: 2015 година (07/2015, 11/2015 и 12/2015), 2016 година (01/2016, 04/2016, 07/2016, 09/2016, 10/2016, 11/2016 и 12/2016) и 2017 година (од 01/2017 до 12/2017)

## Точка 43

Владата го разгледа Извештајот за работата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 44

Владата го разгледа Извештајот за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 45

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за март 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 46

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот инспекторат за локална самоуправа за периодот јануари - декември 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, во однос на предложените заклучоци приложени кон материјалот, а кои се однесуваат на кадровско доекипирање на Државниот инспекторат за локална самоуправа, обезбедување на простории и ново возило за потребите на Државниот инспекторат за локална самоуправа, Владата заклучи Државниот инспекторат за локална самоуправа преку Министерството за локална самоуправа да достави нов материјал кој да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 47**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема во 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во Дневните центри за деца и лица со пречки во развојот, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за организација на настан по повод одбележувањето на 9 мај - Денот на Европа, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поканата за одржување на редовна седница на Собранието на акционери на Јубмес банка АД Белград, закажана за 24.4.2019 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии до Јубмес банка АД Белград за закажаната редовна седница на Собранието на акционери за 24.4.2019 година, да достави формулар за гласање во отсуство, со следното произнесување по предложениот дневен ред:

По однос на точките од дел I Претходна постапка нема гласање.
По однос на точките од дел II Редовна постапка:

1. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Статутот на Банката, да се гласа „ВОЗДРЖАНО".

2. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Банката, да се гласа „ВОЗДРЖАНО".

3. Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на надворешниот ревизор на Банката, да се гласа „ЗА".

4. Усвојување на годишните финансиски извештаи и распоредување на нераспределена добивка за 2018 година:

4.1 Предлог-одлука за усвојување на Извештај за работење на Банката за 2018 година, да се гласа „ЗА".

4.2 Предлог-одлука за усвојување на Финансиски извештај на Банката за 2018 година, да се гласа „ЗА".
4.3 Предлог-одлука за распоредување на нераспоредена добивка за 2018 година, да се гласа „ВОЗДРЖАНО".

5. Предлог за Деловна политика на Банката за 2019 година, да се гласа „ВОЗДРЖАНО".

6. Предлог за Деловна стратегија на Банката за период од 2019 до 2023 година, да се гласа „ВОЗДРЖАНО".

7. Предлог-одлука за именување на надворешен ревизор на Банката за 2019 година, да се гласа „ВОЗДРЖАНО".

8. Предлог-информација за надомест на членовите на Управниот одбор и Извршниот одбор на Банката, да се гласа „ВОЗДРЖАНО".

9. Предлог-одлука за утврдување на надомест за претседателот на Собранието, претседателот на Управниот одбор и членовите на Управниот одбор, да се гласа „ВОЗДРЖАНО".

10. Предлог-одлука за вложување на основни средства на Банката, да се гласа „ВОЗДРЖАНО".

11. Одлука за констатирање на престанок на мандат на член на Управниот одбор, да се гласа „ЗА“.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |